Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-тата седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-584/1 од 29.01.2026 година, против ///, лице без формална функција во фестивалот /// – ///, со наводи за злоупотреба на јавни средства доделени за организација на фестивалот, манипулација при распределба на тантиеми и авторски надоместоци и други злоупотреби, **СЕ ОТФРЛА.**

Во однос на наводите за злоупотреба на јавни средства доделени за организација на фестивалот ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Општина ///.
Во однос на наводите за манипулација при распределба на тантиеми и авторски надоместоци ДКСК утврди дека веќе се има произнесено – има донесено одлука од своја надлежност.
Во однос на наводите за други злоупотреби поврзани со организацијата на фестивалот, ДКСК утврди дека нема надлежност да постапува.

Предметот со број 12-584/1 од 29.01.2026 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

# Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 29.01.2026 година, поднесена е пријава против ///, лице без формална функција во фестивалот /// – ///, со наводи за злоупотреба на јавни средства доделени за организација на фестивалот, манипулација при распределба на тантиеми и авторски надоместоци и други злоупотреби, и оформен е предмет број 12-584/1 од 29.01.2026 година.
Во пријавата подносителот опишува дејствија кои се преземени од страна на пријавеното лице, а кои се поврзани со околности на вршење на влијание при селекција на изведувачи и автори и при донесување на програмски и финансиски одлуки.
Воедно, во пријавата се изнесени и наводи за злоупотреба на средства преку нивна исплата за фиктивен ангажман како и наводи работа со готовина без постоење на соодветна документација и евиденција.
Дополнително, во пријавата се изнесени и наводи за манипулација при распределба на тантиеми и авторски надоместоци заради стекнување лична корист.

По извршен увид во јавно достапни информации беше утврдено дека фестивалот /// – /// е организиран од страна на здружението /// – ///, и финансиски поддржан од Општина ///.
Со оглед на тоа што во пријавата е наведено дека лицето /// нема формална функција на фестивалот и во здружението, а воедно, здружението како организациски облик спаѓа под останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани, ДКСК констатираше дека лицето против кое е поднесена пријавата не е службено лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Овие околности ДКСК веќе ги има оценето во постапување по пријава со наводи кои се истоветни со наводите за манипулација при распределба на тантиеми и авторски надоместоци и други злоупотреби по која веќе има донесено одлука (бр.12-604/2 од 18.03.2026 година).

Ценејќи ги останатите наводи од пријавата, имајќи предвид дека истите содржат наводи за злоупотреба на јавни средства доделени за организација на фестивалот /// – /// чија организација е поддржана од Општина ///, ДКСК оцени дека постојат услови во однос на овие наводи предметот да го

достави на надлежно постапување на Општина ///, заради проверка на наменското трошење на доделените средства.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar